# РАСТЕ СЕМЕЈСТВОТО НА ЗЕЛЕНИТЕ УЧИЛИШТА

Како резултат на големиот успех постигнат во учебната 2008-2009 година, како и зголемениот интерес при пилот фазата на ПЕП активноста за Зелените училишта, беше донесена одлука нивниот број да се зголеми и да се вклучат уште 15 нови училишта во текот на 2009-2010 година. Во новите Зелени училишта беа формирани и Зелени клубови со просечен број од 25 членови кои се фокусираат на четири теми со голема важност за животната околина: енергетска ефикасност, заштеда на вода, намалување на отпадот и промовирање на еколошки транспорт.



Училишта од пилот-фазата:

1. Григор Прличев – Охрид
2. Видое Подгорец – Струмица
3. Гоце Делчев – Неготино
4. Мирче Ацев – Ѓорче Петров
5. Дрита – Сарај




15 дополнителни училишта од втората фаза:

6. Фаик Коница – Зајас
7. Александар Здравковски – Јегуновце
8. Кочо Рацин – Кратово
9. Сабедин Бајрами – Боговиње
10. Исмаил Ќемали – Теарце
11. Гоце Делчев – Виница
12. Санде Штерјовски – Кичево
13. Блаже Конески – Прилеп
14. Никола Петров Русински – Берово
15. Јоаким Крчоски – Ѓорче Петров
16. Светозар Марковиќ – Старо Нагоричане
17. Пецо Даскалот – Долнени
18. Александар Урдаревски – Чучер Сандево
19. Дебарца – Дебарца
20. Лазо Мицев-Рале – Кавадарци

До крајот на септември 2010 год., беше завршена дистрибуцијата на опремата нарачана преку Зелените училишта, која се одвиваше во соработка со нашиот партнер MDC.Ti.Net Соработката со MDC.Ti.Net заврши успешно со тоа што е постигнат број од 20 Зелени училишта кои сега го користат прирачникот и работната книга за Зелените училишта.



Почнувајќи од ноември 2010 год., се приклучивме на веќе постоечка активност која се имплементира од страна на ОХО и Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а е поддржана од Министерството за образование и наука на РМ. Ова ќе биде многу поширока програма и ќе ги опфати сите основни, средни училишта и предшколски установи во државата. Програмата ќе се имплементира во три фази. Во првата фаза ќе се приклучат 1/3 од сите основни, средни училишта и предшколски установи во Македонија. ПЕП ќе придонесе со печатење на 4,000 ,,Еко календари'' и 4,000 прирачници ,,Совети за здрава планета''. Вкупниот број на печатени материјали во рамки на оваа програма е 14,000 календари и исто толку прирачници.



Програмата ,,Зелени училишта'' ќе ја продолжи соработката со ОХО и Швајцарската агенција за развој и соработка, поддржана од страна на Министерството за образование и наука.

Ќе бидат имплементирани следниве активности:

- печатење на постери и маици по повод деновите на екологија
- креирање на детски игри со теми од областа на екологијата и зачувување на животната околина
- обуки за наставници

До сега, Зелените училишта работат кон следните цели:

1. подигање на еколошката свест кај децата, наставниците и пошироката заедница,
2. опфаќање на прашања за животната околина во училишните политики,
3. воведување на образование за животната средина во училиштата и
4. организација и имплементирање на еколошки проекти во училиштето и заедницата.

Учениците веќе имаат формирано и Зелени клубови и работат на дополнителни активности со цел да се промовира позитивно однесување и еколошки начин на живот кај учениците, училишниот персонал и пошироката околина.